**Над 700 здравствени работници од Универзитетските клиники за детски болести и за гинекологија и акушерство вчера, 7 мај 2020 година добија 1462 медицински одела како донација** од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Македонската развојна фондација за претпријатија ( МРФП ) и штедилницата Можности. На овој начин, организациите им излегуваат во пресрет на се поголемите потреби на здравствените работници за заштитна облека што произлегува од кризата предизвикана од вирусот Ковид-19.



„Сакавме помошта да има повеќе ефекти па затоа, медицинските одела се сошиени во текстилна фабрика во Берово, со што, веруваме дека помагаме и за задржување на работните места на вработените", рече Тетјана Лазаревска, извршен директор на

МРФП. Организациите нема да бараат враќање на ДДВ, согласно регулативата за донации од јавен интерес, со што ќе придонесат и во буџетот на државата.

Солидарноста воопшто, а особено солидарноста кон оние кои се најизложени во борбата против пандемијата предизвикана од коронавирусот е една од клучните вредности од кои треба да се водиме во работењето во вакви кризни времиња. Веруваме дека со оваа донација, барем малку придонесовме за практикување на оваа вредност.

